# Дубаи и Абу Даби



Дубаи - во денешно време претставува синоним за луксузен живот и атрактивна туристичка дестинација , една од најпосетените во светот. Специфичен спој на комфор, помешан со традиционални обичаи и стил на живот. Дубаи е модерен град со преубави плажи, луксузни хотели, импресивна архитектура, високи згради, вештачки остров во облик на палма... Највисоката зграда на светот Burj Kalifa, единствениот хотел со 7 ѕвезди, 70 шопинг центри, покриен ски - центар со 5 патеки и многу други објекти кои го одземаат здивот, ја прават посетата на Дубаи импресивна и незаборавна.Песочните плажи со своите разновидни активности, овозможуваат прекрасно уживање! Најпознатата плажа меѓу нив е Jumeirah Beach Park која плени со својот бел песок и тиркизно - сина боја на водата. А една од најпосетените атракции во Дубаи е пустинското

сафари. Проверете зошто Дубаи во последните години е туристички центар број 1 во светот?

**7 дена/**
**6 ноќи**

## 05.03 (Четврток) СКОПЈЕ – ДУБАИ

Состанок на групата во Скопје во 15.00 часот. Полетување во 17.00 и пристигнување во Истанбул во 20.25. Полетување за Шарџа во 22.55 часот и пристигнување во 04.15 (локално време). Организиран трансфер (40km) до хотелот во Дубаи. Сместување во хотел.

## 06.03 (Петок) ДУБАИ

Појадок.

***Можност за посета на највисоката зграда во светот **BURJ KHALIFA** 124 кат, влезница 60 евра.

***__КРСТАРЕЊЕ ПО ДУБАИ МАРИНА__ (трансфер, вклучена вечера, безалкохолни пијалоци, водич) 65 евра.

Во вечерните часови следува крстарење со брод по Дубајската Марина.

Во текот на крстарењето има можност да се искуси сјајот на модерното Дубаи и да се проследат прекрасните модерни облакодери, панорамското тркало Аин Дубаи и останатите атракции на оваа локација. Сето тоа надополнето со вечера и забавна програма организирана на самиот брод.

Ноќевање.

## 07.03 (Сабота) ДУБАИ

Појадок.

***__Целодневен разглед на Дубаи со локален водич на македонски јазик__. (ВКЛУЧЕНО ВО ЦЕНА)

Во текот на оваа екскурзија следува запознавање со фасцинантната приказна за издигнувањето на Дубаи од суровите пустински услови во еден модерен, луксузен свет со јасна визија за иднината.

На патот кон стариот дел на градот, ќе се види:

-Музејот на Иднината (фото стоп) (Museum Of The Future)

-Златната рамка на Дубаи (фото стоп) (Frame Dubai)

Посета на стариот дел на градот:

-пазарите за зачини, злато и текстил

-возење со традиционална абра преку стариот канал (вклучено во цената)

-средба со најголемиот златен прстен на светот направен од 24 каратно злато со огромен дијамант

Разгледувањето продолжува со посета на:

Souk Madinat, Jumeirah Madinat или Малата Арапска Венеција со поглед на луксузниот хотел Burj Al Arab. А од популарниот панорамски видиковец на Палмата: The View At The Palm (влезницата вклучена во цената) ќе може да се види:

-Приватниот остров на Шеикот на Дубаи

-Островите "Свет"

Се продолжува кон Marina The Walk и зградата Cayan или Infinity - една од најпопуларните на оваа локација и кратка посета/фото стоп на локацијата Bluewaters, многу познато место во новиот дел на Дубаи;

На оваа локација има можност да се видат: Ain Dubai, JBR и музејот на восочни фигури Мадам Тисо.

**Вечерна прошетка во Дубаи**

Посета на раскошниот  Дубаи Мол, со локален водич каде што следува посета на :

-Бурџ Калифа (Burj Khalifa) – највисоката кула на светот

-Фонтаната Дубаи (Dubai Fountain)

-Дубајската Опера (Dubai Opera)

-Модерниот безистен (souk) – Souk Al Bahar

-Бурџ Калифа парк (Burj Khalifa Park)

-Авенијата на Глуварчето (Dandrellion Light Sculpture@ Dubai Mall)

-Мексичките крилја (Wings of Mexico)

-Хотелот Палас (Palace Downtown)

Индивидуално враќање назад во хотелот во Дубаи.

Ноќевање.

**08.03 (Недела) АБУ ДАБИ**

Појадок.

*****Целодневна екскурзија до АБУ ДАБИ** (трансфер, водич на македонски јазик) 80 евра

**Излет до Абу Даби**

-Посета на стариот центар на градот, можност да се види хотелот „Emirates Palace", зграда со седум ѕвезди

-Посета на луксузната претседателска палата Каср ал Ватан (Qasr Al Watan) (влезница вклучена во цена)

-Разгледување на новите делови на градот, посета на островот Садијат, каде во моментов се градат нови проекти како Louvre и музејот

Guggenheim, Abraham House и до островот „Јас” каде се наоѓа тркачката патека Формула 1 и забавниот парк „Ферари Свет“

-Посета на џамијата Шеик Зајед, (Sheikh Zayed Mosque) една од најголемите во светот. Уникатно архитектонско чудо е и Мавзолејот каде се наоѓа телото на таткото на нацијата Шеик Зајед – направена од македонски бел мермер

-Набљудување контрасти на старата и новата архитектура: Народната банка на Дубаи, Стопанската комора, куќата на Шеик Зајед...

Можност за посета на Emirates Palace и вклучено “капучино со злато” 45евра (резервации 1 месец пред поаѓање за сите заинересирани).

Ноќевање.

## 09.03 (Понеделник) ДУБАИ

Појадок.

Слободно предпладне за посета на плажа или други индивидуални активности.

*****MIRACLE GARDEN” И “GLOBAL VILLAGE”** (трансфер, влезници, водич) 70 евра

Поаѓање од хотелот околу 14:00 часот. Посета на две значајни атракции на Дубаи - Miracle Gardens и Global Village.

Дали некогаш сте замислиле како изгледаат рајските градини?

Навистина, овде може да се види целата вештина на градинарот, целото богатство на владетелите на Дубаи, сета моќ, раскош, желба за разлика и екстраваганција. Среде пустина, на местото каде што порано имало сув пустински песок, се појавува оваа разновидност на бои и богатство на мириси... Сетилото за слух не може да се занемари, со самото присуство на саксофонист, чија музика одекнува низ градината... Miracle Gardens е најголемата цветна градина во светот направена од природни цвеќиња.

Овој парк има над 110 милиони цветови кои се распространети на 72.000 квадратни метри и обликувани во различни форми. Оваа градина започна со работа на 14 Февруари, 2014 година на Денот на вљубените.

По посетата на Miracle Garden следува обиколка на Global Village. Глобалното село е исклучително популарна атракција во Дубаи, каде на едно место се изградени павилјони кои ја претставуваат секоја земја со нивните карактеристични знаменитости, храна, производи и културни специјалитети. Идејата на креаторите на Дубаи била да ги соберат сите култури на едно место, да ги донесат сите убавини на светот во овој град. Па така убавините на Ирак, Иран, Кина, африканските земји, како да се присутни во еден момент, на едно место - така всушност е создадено Global village. Сите значајни земји во светот се претставени со некоја зграда како порта, во чии ѕидови се крие пазар, каде што можете да најдете производи поврзани со дадената земја - национална облека, храна, зачини, чаеви, традиционални танци со традиционална музика. Различните претстави организирани на главната сцена во оваа атракција уште повеќе ја надополнуваат сликата на шарениот колорит од стилови на живеење, музика,танц, песна, храна, знаменитости ...... место за потполно узивање на сите сетила...

Ноќевање.

**10.03 (Вторник) ДУБАИ**

Појадок.

Слободно предпладне за посета на плажа или други индивидуални активности.

*****ПУСТИНСКО САФАРИ** (вклучен трансфер, вечера, безалкохолни пијалоци, водич) 65 евра

Попладне (15:00 ч.) поаѓање на ЏИП - САФАРИ ВО ПУСТИНАТА. За време на оваа тура може да се согледа убавината на бескрајната пустина и нејзините прекрасни дини. Се започнува со авантуристичко возење низ златната пустина по големите песочни дини и завршува со уживање во зајдисонцето. Оваа импресија вклучува и можност да се јава на камила, да се направи тетоважа со Хена или да се проба наргиле пред да се послужи

вечерата во кампот. Традиционално забавата ќе биде комплетирана со изведувачи на стомачен танц. Враќање во Дубаи околу 21:00 часот.

Ноќевање.

**11.03.2026 (Среда) ДУБАИ - СКОПЈЕ**

Појадок (breakfast box). Организиран трансфер до аеродромот во Шарџа. Авионот кон Скопје преку Истанбул полетува во 07.20 часот. Авионот во Скопје слетува во 15.45 часот.

# Рана уплата до 31.01 : (829 евра) 51.400 мкд

## Цена на аранжманот: (879 евра) 54.500 мкд

**ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ Е ВКЛУЧЕНО:**
Авионски превоз Скопје-Шарџа-Скопје со авио компанијата Пегасус
Трансфер аеродром-хотел-аеродром
Рачен багаж до 8кг (55x40x20cm) и чекиран багаж до 20кг.
Сместување во хотел “Citymax Hotel Al Barsha At The Mall” на база 6 ноќевања со појадок во Дубаи (лоциран веднаш до еден од најголемите шопинг центри во

светот Mall of Emirates)
Локален водич за реализација на излетите
Целодневен разглед на Дубаи **со вклучена влезница од 26 евра за The View At The Palm**, трансфер во два правци и водич
Организација на аранжманот

**ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ НЕ Е ВКЛУЧЕНО:**
Туристичка такса (се плаќа во хотелот)
Патничко – здравствено осигурување
Доплата за еднокреветна соба 11.000 ден.

**Напомена:**

Цените се по лице за сместување во двокреветни соби. Трокреветните соби се на барање.
Дете од 2 до 5 год. добива 225 евра попуст (без легло).
Дете од 5 до 12 години добива 130 евра попуст (без легло).
Доколку детето спие на дополнително легло плаќа полна цена.

**Напомени:**

За реализација на аранжманот потребен е минимум од 15 патници. За резервација задолжителна уплата на аванс од 30% од вкупниот износ на аранжманот. Целосна доплата на аражманот е 15 дена пред поаѓање. Усни и телефонски резервации се невалидни. Плаќањето е исклучиво во денарска против вредност по курс 1 евро = 62,00 денари.

Факултативните излети ги организира локална туристичка агенција, пријавување и плаќање на излетите се прави на лице место.

Агенцијата го задржува правото на промена на редоследот на програмата во случај на непредвидени објективни причини, како на пример застој на граница, доцнење на летот, застој во сообраќајот, затвореност на некој од локалитети предвидени за посета ...

Организаторот на патувањето го задржува правото по пат на ultra first или last minute понуда да ги објави и продаде слободните места по цени кои се разликуваат од оние кои се веќе објавени. Лицата кои го уплатиле аранжманот по редовен ценовник, немаат право на надомест на средства за разлика во цена.

Агенцијата го задржува правото на отказ на аранжманот 7 дена пред поаѓање доколку не е исполнет бројот на пријавени лица предвидени по програмата за ова патување.

Патникот има обврска пред поаѓање 24 часа да ја контактира агенцијата за потврда на точното време и место на поаѓање.

Патната исправа треба да е валидна минимум 6 месеци по завршувањето на аранжманот. Валидноста на патните исправи се обврска на патниците, при уплата на резервација должни се истите да ги приложат во агенцијата за проверка.

За овој аранжман важат општите услови за патување на ТА